РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS

Бр. 09-731/1
15-02-2021 год.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на 46- та седница одржана на ден 12 февруари 2021 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси во постапка за вработување во ЈП ________________ и незаконско работење на директорот на ЈП __________ и раководителот на оваа подружница, бидејќи наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 09-5550/1 од 10.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-5550/1 од 10.12.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, со наводи за Непотизам и неправилносто во постапка за вработување во ЈП ________________ ____________ и незаконско работење на директорот на ЈП ______________ и раководителот на оваа подружница.

Пријавителот во пријавата наведува дека во ЈП ______________ од 2018 година на определено време со договор на дело како инжинер е вработено лицето ______ син на ______ вработена на работното место правник во ова подружница.

Раководните лица директорот на ЈП и раководителот на подружницата на ова лице му дозволуваат скратено работно време односно половина од работното време, а остатокот од работното време го поминува во фирма со која ЈП __________ остварува деловни односи.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до ЈП ______________ и достави Барање за доставување на податоци и информации во однос на вработувањето за горенаведените лица.

Во законски утврдениот рок ________________ ги достави бараните информации и ја извести Државната комисија дека:

- На 16.04.2018 година од страна на ЈП ________ е објавен оглас за вработување на неопределено време за потребите на повеќе подружници и за повеќе работни места, помеѓу кои и за четири работни места за потребите на _________ со вкупно 7 извршители. По спроведување на постапката од објавниот јавен оглас е составена ранглиста и е донесена одлука за избор.
- За работното место Самостоен референт за користење, ________ ________ со завршен _________ факултет со најмалку 180 кредити ЕКТС или VI Б степен, се побарани двајца извршители и како

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

што се наведува во одговорот се пријавиле токму двајца кандидати кои ги исполнувале условите, така што двајцата се примени и со двајцатаа на 30.07.2018 година се склучени договори за работа на неопределено време. Едниот од нив е ______. Во прилог е доставена и Диплома за завршено образование дипломиран инженер во ________ факултет во Скопје на 07.10.2010 година. Пред да се вработи во ЈП __________ од 2012 година работел во приватна фирма.

- Во врска со наводите дека во _________ работел пола работно време а пола во некоја друга фирма, во одговорот на ЈП ___________ се вели дека поради расипан апарат за елекртронско евидентирање на работното време тоа се прави преку евидентирање во тетратка и во прилог се испратени копијата од тетратката каде е евидентиран лицето ___________, за влез излез и излез за работа на терен;
- Лицето _______ во ЈП __________ е вработена од 1982 година и по донесување на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за админстративни службеници се стекнала со статус на административен службеник и е распоредена на работно место Соработник за ______________ и општи работи во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП _________ – Скопје од 09.09.2015 година.

При повторно разгледување на содржината на пријавата, како и на доставените информации до Државната комисија врз основа на поднесеното Барање за доставување на податоци и информации, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдени наводите за вработување на посоченото лице на определено време односно со договор за дело и дека работел со скратено време, бидејќи вработувањето е направено со објавување на оглас, поради што Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Б.Ц, советник
Одобрил: Н. Б., член на ДКСК